Twelfth International Scientific Conference
SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD
Faculty of Law, Goce Delcev - Stip

UDK: 342.8:321.72(497.7)
342.8:329(497.7)

# ИЗБОРНАТА КОЛЕБЛИВОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЕЛЕКТОРАТ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ МАКЕДОНСКИОТ ПАРТИСКИ СИСТЕМ – ЕДЕН АНАЛИТИЧКИ ОСВРТ ПО ПОВЕЌЕ ОД ТРИ ДЕЦЕНИИ ПОЛИТИЧКИ ПЛУРАЛИЗАМ

**Никола АМБАРКОВ**
научен соработник ИПИБ Скопје
amvelbares@gmail.com; ambarkov_nkl@yahoo.com

**Апстракт:**
Изборната колебливост (*electoral volatility*) во политиколошката наука отсекогаш се сметала како аналитичка категорија преку која може да се вреднува институционализацијата на демократијата во една земја. Изборната колебливост е омнипотентен политички феномен, повеќеслоевит концепт со сложени аналитички и емпириски димензии. Истиот наједноставно може да се дефинира како индикатор кој ги означува промените на партиските преференци во електоратот, т.е. ја отчитува промената во релативната сила на политичката партија од еден до друг изборен циклус. Оттука, целта на овој труд е да се разгледа прашањето за изборната колебливост кај македонскиот електорат во овие изминати повеќе од три децении политички плурализам и вкупно 11 одржани парламентарни избори. Анализата ќе биде направена преку примена на Педерсеновиот индекс на изборната колебливост, кој во науката стана општоприфатен индикатор за мерењето на овој изборен феномен. Преку компаративна споредба на индексните вредности, анализата треба да даде осврт за тоа: какви беа последиците на изборната колебливост во раната фаза на македонската политичка транзиција и демократизација; како бројот на политичките партии влијаеше врз нивото на изборната колебливост; дали примената на различните изборни модели во плурализмот – мнозински (во деведесеттите), паралелен (на преминот XX-XXI век) и пропорционален (на почетокот на новиот милениум), имаше свое влијание врз македонската изборна колебливост; и како етничката дефинираност на партиските блокови на македонската политичка сцена се реперкутираше врз колебливоста во рамките на вкупниот партиски систем. Треба да се нагласи дека при пресметувањето на индексот на изборна колебливост може да се појавата определени предизвици при неговата пресметка бидејќи по секој избори, политичките субјекти се делат, спојуваат, распаѓаат – проблеми кои воопшто не се наивни. Токму на примерот на последните парламентарни избори одржани на 8 мај 2024, најдобро ќе се илустрира потенцијалните проблеми при кодирањето на резултатот на политичките партии при пресметката, бидејќи дел од политичките субјекти во македонскиот партиски систем се соочија со претходно посочените турбуленции во пресрет на овие 11-ти избори во плурализмот.

***Клучни зборови***: *изборна колебливост, партиски систем, електорат, Педерсенов индекс, демократизација.*

# THE ELECTORAL VOLATILITY OF THE MACEDONIAN ELECTORATE AND ITS INFLUENCE ON THE MACEDONIAN PARTY SYSTEM – AN ANALYTICAL REVIEW AFTER MORE THAN THREE DECADES OF POLITICAL PLURALISM

**Nikola AMBARKOV**
Research associate IARB Skopje
amvelbares@gmail.com; ambarkov_nkl@yahoo.com

**Abstract:**
Electoral volatility in political science has always been considered an analytical category for evaluating the institutionalization of democracy in one country. Electoral volatility is an omnipotent political phenomenon, a multifaceted concept with complex analytical and empirical dimensions. It can most simply be defined as an indicator of changes in party preferences in the electorate, i.e., it measures the change in the relative strength of a political party from one election cycle to the next. Hence, the purpose of this paper is to examine the issue of electoral volatility among the Macedonian electorate in the past more than three decades of political pluralism and 11 parliamentary elections. The analysis will be conducted using the Pedersen Index of Electoral Volatility, a widely accepted indicator in science for measuring this electoral phenomenon. Through a comparative comparison of index values, the analysis should provide an overview of: what were the consequences of electoral volatility in the early phase of the Macedonian political transition and democratization; how the number of political parties affected the level of electoral volatility; whether the application of different electoral models in pluralism – majority (in the nineties), parallel (at the turn of the 20$^{th}$-21$^{st}$ centuries), and proportional (at the beginning of the new millennium), had an impact on Macedonian electoral volatility; and how the ethnic definition of the party blocs on the Macedonian political scene had repercussions on the volatility within the overall party system. It should be emphasized that when calculating the electoral volatility index, certain challenges may arise because after each election, political entities divide, merge, and disintegrate – problems that are not at all naive. The example of the last parliamentary elections held on May 8, 2024, will best illustrate the potential problems in coding the results of political parties during the calculation, as some of the political entities in the Macedonian party system faced the previously mentioned turbulence in anticipation to these 11$^{th}$ elections in pluralism.

***Keywords***: *electoral volatility, party system, electorate, Pedersen Index, democratization;*

## Вовед

Без политичките партии и партиските системи не може да се замисли демократијата, бидејќи токму тие, во крајна линија, нејзе ја детерминираат. Затоа постојаното анализирање на изборните податоци е една од главните преокупации на политиколозите. Тие во своите компаративни анализи постојано се амбицираат да обезбедат индикативни податоци врз кои ќе се потпираат при изведувањето на своите заклучоци за различни аспекти на демократијата какви што се нејзината претставителност, стабилност, квалитет итн. (Morgenstern & Potthoff, 2005: 17). Овие предизвици особено избија на преден план во земјите кои беа „заплиснати“ од т.н. трет бран на демократизација, бидејќи токму партиите во овие држави се соочија со дилемата дали се доволно способни за да обезбедат соодветна застапеност и претставителност на гласачите, изборна одговорност и отчетност, и ефективност при владеењето (Ibenskas & Sikk, 2016: 3).

Новокомпонираните демократии се соочуваат и со еден дополнителен, но клучен предизвик – изградба и одржување на силни и стабилни политички институции. По првите посткомунистички избори, како резултат на отсуството на претходно демократско искуство, не можеше да се очекува од обичниот гласач дека по автоматизам ќе развие силна приврзаност, идентификација и лојалност кон одредена партија (Mair, 1997). „Сепак, оваа неспособност да се потпрат на релативно стабилни електорати не беше ограничена само на првите избори, туку беше овековечена со текот на времето“ (Gherghina, 2012: 2).

За Касал Бертоа и др., (2017) стабилноста на партискиот систем[1] треба да создаде претпоставка за успешна демократска консолидација и поефикасно програмско претставување на политичките чинители, со што, од друга страна, би придонело кон намалување на политичката неизвесност. Еден од важните индикатори преку кој може да се анализира стабилноста на еден партиски систем е изборната колебливост, која според Моргенштерн и Потхоф (2005: 18) „генерално се зема како знак на нестабилност на режимот". Таа се утврдува преку мерење на нестабилноста на изборниот исход, односно „износот на прометот на гласовите што го доживуваат сите партии може да ни каже колку е нестабилен изборниот систем" (Shair-Rosenfield, 2008: 1). Помеѓу научниците кои се занимаваат со проучувањето на изборните и партиските системи постои општ впечаток дека „демократиите во развој се карактеризираат со силна изборна колебливост" (Mainwaring & Torcal, 2005: 3).

Анализата на изборната колебливост, која, како што претходно беше посочено, се доживува како важен тригер-фактор за нестабилност на вкупниот партиски систем, се смета дека е значајна бидејќи нестабилните партиски системи „можат да генерираат демократска слабост, да ги поткопаат изборните институции и да го попречат ефективното креирање на политики" (Kapidžić & Komar, 2021: 1). Истражувањето на колебливоста, дополнително, е земено како репер за детерминирање на стабилноста на партискиот систем и неговата институционализација (Dalton & Wattenberg, 2000; Mainwaring & Zoco, 2007: 155-178).

Оттука, целта на овој труд е да се разгледа електоралната колебливост во македонскиот партиски систем во изминатите повеќе од три децении политички плурализам, демократска транзиција и консолидација. За таа цел анализата е структурирана на следниов начин: најпрво ќе се даде теориско опишување на феноменот на изборната колебливост. Потоа, ќе се посочат начините на кој истата може да се измери. Тука, во прв ред се мисли на познатиот *Pedersen*-ов *index* за мерење на политичката колебливост на партискиот систем. Посебен фокус ќе биде посветен и на некои предизвици кои се појавуваат при пресметките кои се прават со помош на овој индекс. На самиот крај, од овој труд, ќе биде поднесена дискусија за изборната колебливост по сите вкупно 11 досега одржани парламентарни избори во РС Македонија.

## 1. Теоретско објаснување на изборната колебливост

Изборната колебливост (*electoral volatility*), најпоедноставено кажано, ги означува „промените на партиските преференции во електоратот" (Crewe 1985: 8). Неслучајно колебливоста во политиколошка наука е доживеана како омнипотентен политички феномен, бидејќи колебливоста на електоратот, како што беше посочено, „е единствениот најважен индикатор за присуство или отсуство на стабилизација на партискиот систем" (Tóka 1997: 3). Претходните истражувања исто така покажаа дека „изборната колебливост е повеќеслоевит концепт со сложени аналитички и емпириски димензии" (Gherghina, 2012: 17). Од една страна, според Ван дер Меер и др. (2015: 101), овој феномен често се третира како застрашувачки – истиот може да доведе до владина неефикасност, политички популизам и целокупна демократска нестабилност бидејќи политичарите континуирано се прилагодуваат и сакаат да бидат респонзивни на каприциозните барања на нивните гласачи. Но, од друга страна, изборната колебливост може да има и позитивна конотација, особено како противтежа на дистопичната слика за општество во кое не се случуваат никакви промени во намерите на гласачите. За здравјето и квалитетот на демократијата во едно општество е важно гласачите да даваат една критична преоценка на своите политички претставници и да се определат за поразлични политички опции. Дополнително, „изборната колебливост може да се види како еден од најдобрите показатели за промена на партискиот систем и е суштинска мерка за динамиката на партискиот систем, особено релевантна за нестабилните и непредвидливи партиски системи на посткомунистичките демократии" (Tomašević & Sokolovska, 2019: 350). Во оваа категорија на демократии несомнено се вбројува и македонската, со својот партиски систем, како посткомунистичка земја со авторитарно минато.

[1] Една од најелементарните дефиниции на партискиот систем би гласела дека тој претставува „збир на шаблони на интеракции во конкуренцијата меѓу партиите" (Mainwaring & Scully 1995: 4).

Позитивната димензија на колебливоста не означува само еманципиран електорат кој се состои од софистицирани гласачи (Dalton, 1984), кои „ги имаат потребните политички вештини за да направат политички избори без да се потпираат на традиционалните лојалности“ (Lachat, 2005 цитирано кај Van der Meer et al., 2015: 101), туку и аналитичка категорија преку која може да се вреднува степенот на институционализација на демократијата.

Институционализацијата на демократијата, како што погоре беше истакнато, е незамислива без институционализацијата на самиот партиски систем, кој по дефиниција треба да биде стабилен, односно структуриран (Morlino, 1995: 316). Па оттука, институционализацијата на партискиот систем го подразбира „процесот со кој моделите на интеракции меѓу политичките партии стануваат рутински, предвидливи и стабилни со текот на времето“ (Casal Bértoa, 2014: 17) Стабилноста на партискиот систем може да се детерминира преку три димензии: релевантноста на партиите, идеолошката поларизација и нивото на институционализација (односно консолидација на партискиот систем). Во оваа смисла консолидацијата се смета за најважна компонента бидејќи таа во себе ги антиципира и релевантноста и идеолошката поларизација (Kovačević, 2020: 794-5). Колку еден партиски систем е поинституционализиран, толку тој е поконсолидиран, а колку е поконсолидиран, толку тој е попредвидлив, а со тоа и политичкиот курс на државата е поизвесен. И обратно. Колку партискиот систем е помалку институционализиран, толку квалитетот на демократијата во едно општество ќе биде послаба (Orlović, 2011: 64; Вучићевић, 2012: 40). Треба да се нагласи дека во политиколошката наука нема единствено унифицирачко мислење за тоа дали институционализацијата на партискиот систем треба да се смета како статична или динамична појава, која може да поттикнува како стабилизација, така и дестабилизација (Markowski, 2000: 3; Kovačević, 2020: 795).

Оттука, колебливоста, од една страна, и понатаму може да се смета како закана за нивото на стабилност на партискиот систем и извор на изборна нестабилност сфатена како „феномен кој потекнува на ниво на индивидуалното однесување, но кој добива политичка важност само со повикување на промените што ги создава во структурата на партиските системи“ (Bartolini & Mair 1990: 4). Но, од друга страна, таа останува да биде суштински елемент на “виталноста” на политичката сцена и фактор за прилагодување на партискиот систем на променливите надворешни услови (Turska-Kawa, 2015: 24 – 25).

## 2. Мерење на изборната колебливост

Долг период во западната научна политиколошка мисла се претпоставуваше дека во консолидираните демократии изборната колебливост ќе остане релативно ниска. Ваквата претпоставка се темелеше на теоремата на Липсет и Рокан, за замрзнување (*frozen*)[2] на општествените расцепи кои ги деноминираат политичките поделби. Ова означуваше дека политичките партии ќе продолжат да освојуваат гласови од луѓе со слични интереси и агенди, т.е. дека тие остануваат да бидат вкоренети кај електоратот токму преку експлоатирање на таквите социетални поделби, односно остануваат да бидат статични и побавно подложни за промена. Партиите преживуваа на политичката сцена благодарение на нивната респонзивност кон овие расцепи и нивно успешно акомодирање и усогласување кон електоратот на кој им се обраќаа. Теоријата на Липсет и Рокан ја одбележа речиси целата втора половина на XX-от век

---

[2] Во делото „Структурите на расцепување, партиските системи и порамнувањето на гласачите: Вовед“ од (1967), Липсет и Рокан претпоставуваат дека: 1) гласачите имаат тенденција да бидат лојални на политичка партија од едни до други избори (*микро ниво*); 2) гласачите избираат политичка партија врз основа на нивната позиција долж линиите на општественото расцепување (*микро ниво*); 3) општествените расцепи се конечни и се менуваат многу бавно, ако воопшто и се случуваат (*макро ниво*); и 4) централните општествени расцепи во целосно индустријализираните демократии се засноваат на класни, религиозни и регионални разлики. Имајќи ги предвид овие хипотези, Липсет и Рокан заклучуваат дека целосно развиените партиски системи во западноевропските демократии се замрзнати, што пак би имплицирало пониска изборна колебливост и помала фракционализација на партискиот систем (за повеќе види: Lane, 2015: 13).

во политиколошката наука. Но, бројните компаративни студии (вклучително и од посткомунистичките држави), т.е. од оние кои не доаѓаа од етаблираните западноевропски демократии, со текот на времето ја поткопаа универзалноста на нивниот модел поради една едноставна причина – кумулативните искуства покажа дека колебливоста има тенденција да биде повисока отколку што се претпоставуваше. Оттука, мораше да се посвети нужно внимание на нејзиното мерење. Еден од политиколозите кои акцентот во своето научно творештво го фокусираше на оваа проблематика беше Данецот Могенс Н. Педерсен, кој му пристапи на прашањето од квантитативна перспектива со цел да дизајнира индекс на колебливоста (Garcia Martinez, 2018: 7).

Затоа во науката за изборите и изборните системи е општоприфатен фактот, дека *Pedersen*-овиот *Index of Electoral Volatility* (на изборна колебливост) од 1979 останува да биде најпознат и широко распространет индикатор за мерењето на овој изборен феномен. Оттогаш, „оваа мерка е применета во речиси секоја студија за стабилноста на партискиот систем“ (Olivares Concha, 2014: 2). Педерсен (1979) ја дефинираше изборната колебливост како промена во релативната сила на политичката партија од еден до друг изборен циклус. Или, со други зборови кажано, индексот всушност ни ја покажува „промената во уделот на гласовите (или местата) по партија по избори. Тој ја зема сумата на сите нето промени за секоја партија поделена со 2“ (Olivares Concha, 2014: 2). Оттука, формулата гласи:

$$V = \frac{1}{2} \sum_{i=1}^{n} \left| p_{i,t} - p_{i,t+1} \right|$$

каде *n* се однесува на бројот на партии во едни дадени избори, *p* процентот на гласови добиени за партијата *i* во времето *t*, кој потоа се одзема со процентот добиен во времето *t+1*.

Главните аргументи предложени од Педерсен при креирањето на овој индекс се дека: „изборната колебливост би се зголемила доколку дојде до промена во бројот на партиите и во релативната распределба на изборната сила меѓу конкурентските партии“ (Pedersen, 1979: 3). Кај овој индекс, Педерсен акцентот го става на нето-промената што настанала како произлезена форма во интервалот помеѓу два последователни изборни циклуса, поради една едноставна причина – добивката за една политичка опција може да бидат за сметка на загубата на друг чинител кој учествувал во изборниот процес. На пример, целосното исчезнување на една етаблирана партија, што може да биде заменета со нова, би било отчитано како занемарлива колебливост, иако самиот таков изборен епилог би претставувал сеизмички потрес во секој еден политички систем. Тоа што целиот сумарен резултат е поделен со 2 воопшто не е случаен, бидејќи на овој начин се врши антиципирање на загубите на едната страна, кои пак тендираат да одговараат на придобивките на другата страна. Оттука, распонот на изборни поместувања наспрема претходниот изборен циклус, кој може да го регистрира овој индекс, е од 0 до 100 (Garcia Martinez, 2018: 7-8).

Сепак, во науката кон овој индекс се проследува и определен критицизам. Па така автори како Гергина (2012: 65) ќе забележат:

> Педерсен индексот има еден голем теоретски и емпириски недостаток кога се применува на партиско ниво. Тој подеднакво ги мери политичките партии, вклучувајќи ја само апсолутната промена во уделот на гласовите и ја игнорира големината на партијата. Дизајниран за мерење на нето изборната нестабилност, индексот ја зема предвид разликата во добиените гласови, потценувајќи ја промената за конкурентите со мала големина (индексот го одзема уделот на гласовите за изборите $t_0$ од уделот на гласовите добиени на изборите $t_1$).

Или како што ќе забележат Сиркар и Даш (2023: 120), „линеарноста наметната на функционалната форма на индексот на изборна колебливост не успева да го долови овој феномен“. Со други зборови речено, индексот „не прави разлика помеѓу трансферите на гласови меѓу постојните партии и промената на гласовите предизвикани од влегувањето или излегувањето на партиите од партискиот систем“ (Chiaramonte & Emanuele, 2015: 2). Ова воопшто не е наивно, бидејќи *трансферот на гласови* е индикатор за промената на рамнотежата на моќта помеѓу етаблираните партии во партискиот систем, а *промената на гласовите* е симптом за препородување на партискиот систем, бидејќи се јавуваат нови предизвикувачи, додека стари и еминентни политички играчи егзитираат од политичката арена. А не треба да се пренабрегне и фактот дека токму овие две компоненти се релевантни при разгледување на прашањето за институционализацијата на партискиот систем (Ibid.,).

Индексот на Педерсен може да се користи не само за пресметување на изборната колебливост на ниво на севкупниот партиски систем, туку и за секоја една партија поединечно, како и во рамките на партиските блокови[3] (пр. лев, десен, центристички итн.). Но, во сите овие случаи, „Педерсеновиот индекс ги отстранува негативните знаци и на тој начин ги елиминира сите информации во врска со насоката на колебливоста на партијата. Со други зборови, резултатите ја објаснуваат големината на изборната колебливост, но не и насоката“ (Drummond, 2002: 2).

Оттука може да се заклучи дека „индексот Педерсен не го мери она што треба да го направи – преференциите на гласачите со текот на времето - туку приемот на гласовите од страна на партиите со текот на времето. Всушност, индексот не ја мери нестабилноста на индивидуално ниво, туку на електоратот како целина (агрегатно ниво)“ (Olivares Concha, 2014: 5). Но, како што нотира Ратингер (1997, *особено* 87-8), ваквиот збирен (агрегатен) пристап воопшто не е лош *per se*, бидејќи тој воопшто не е застарен, туку и понатаму останува да биде неопходен, кога ние не можеме да добиеме други веродостојни податоци за поведението на електоратот со текот на времето. Да, индексот мери и дава воопштени трендови за однесувањето на избирачите т.е. како збир, без притоа да води сметка за индивидуалните преференции, одѕивот, промените внатре во електоратот, постоењето задолжително гласање, големината на партијата, но и големините на нејзините загуби,[4] или пак добивки, просторната положба на партиите во политичкиот спектар, итн.

## 3. Проблеми и предизвици при утврдувањето на критериумите при пресметувањето на изборната колебливост

При утврдувањето на аналитичкиот примерок врз чија основа се пресметува изборната колебливост може да се појават определени предизвици и дилеми од изборен до изборен циклус. Тие избиваат на преден план особено во оние земји кои имаат сериозен изборен дисконтинуитет или во кои се одвиваат процеси на спојување или поделба на партиските ентитети или пак, формирање на партиски коалиции. Во овој контекст може да се посочат бројни примери. Се појавува нов политички играч во изборниот натпревар, со ново име, но всушност истиот не е ништо друго до едно најобично ребрендирање на стара и добро извесна партија. Некоја политичка партија може да е номинално нова, со нови лица, но во нејзините структури може да бидат затскриени и функционери кои имаат значителни врски со некои постари партии на политичката сцена. Партиите, исто така, може да се сојузуваат во различни коалиции т.е. комбинации, што го отежнува, па дури го прави и невозможно утврдувањето чиј единствен наследник или претходник е таквата коалиција (Sikk & Köker, 2017: 4).

Оттука, дилемата како да се измери индексот на изборна колебливост во политичките системи каде партиите перманентно, по секој избори, се делат, спојуваат, распаѓаат воопшто не е наивен, особено во земјите кои немаат долги демократски традиции. Практично, колебливоста во нив, по дефиниција, е поголема бидејќи за секоја новопојавена партија има „стар“ која на односните избори е заменета (Olivares Concha, 2014: 4).

Едно решение е понудено од страна на Сванте (2012: 4-5), во неговиот труд *Изборна колебливост во Европа: проценки и потенцијални објаснувања за проценување на разликите*, кој ги понудува следниве корисни аналитички категории:

1. *Партии на континуитетот* – како што сугерира самото име, станува збор за субјекти кои континуирано, во низа, земаат учество на изборите, со што мерењето на колебливост кај нив не претставува никаков проблем, дури и во случај кога би го промениле

[3] Автори како Бартолини и Маир (1990) најповеќе инсистираат на правење на разлика при утврдување на изборната колебливост "во блокот" и "меѓу блокот", нагласувајќи дека значителен дел од промените во гласовите забележани во европските демократски системи се случиле меѓу партиите кои припаѓаат на исто семејство или се позиционирани на иста страна на политичкиот спектар.

[4] На пример, не може да се стави знак на равенство кога голема партија губи 3 процентни поени од гласовите и има пад од 30% на 27%, споредено со мала партија, која губи 3 процентни поени, односно бележи загуба од 5% на 2%.

името, односно би се ребрендирале, а притоа јасно го продолжиле континуитетот на нивните политики (Mainwaring & Zoco 2007: 173).

2. *Коалиции* – логично се сметаат за проблематични при пресметување на изборната колебливост. За секој поединечни избори може да бидат формирани. По правило нивниот резултат се пресметува како комбинирање на резултатот на партиите од претходните избори ($t_0$) во однос на резултатите на коалицијата ($t_1$) и на новите избори во однос на повторното комбинирање на резултатите на поранешните коалициони партнери ($t_2$);[5]

3. *Спојување на партиите* – нова партија настанува со спојување на две или повеќе партии. Резултатот во овој случај се базира на компарација на резултатот на новата партија на изборите ($t_1$) со комбинирање на резултатите од претходните избори ($t_0$) на партиите кои се споиле во новата формација (Bartolini & Mair 1990: 311);

4. *Делење на партиите* – некои нови партии настануваат со цепење на старите на две или повеќе нови опции. Логиката наложува пресметката да се изведува на начин да се споредат резултатите на сите нови партии на изборите ($t_1$) со резултатот на старата оригинерна партија, т.е. со нејзиниот изборен скор непосредно пред делењето ($t_0$) (Ibid.,). Тука важи правилото дека „резултатот на новата партија се споредува со старата само на првите следни избори, а ако такви избори нема или партија го прескокнала учеството, лидерот или отцепениот дел порано ја напуштил(е) партијата, а по пропуштените избори направил(е) организација, тие се сметаат како нова вредност“ (Kovačević, 2020: 798-9). Во поглед на *спојувањето* и *делењето* на партиите, покрај *првиот пристап*, посочен во точките 3. и 4. постои и *втор пристап* кој претпоставува дека „најголемата партија го претставува резултатот на поделба на претходната организација (така што оваа поголема партија станува замена), или обратно, дека единствениот претходник на спојувањето е претходната најголема партија“ (Olivares Concha, 2014: 5). Ваквиот *втор пристап* „може делумно да го процени и степенот на континуитет на еден ентитет и степенот на институционална руптура имплицитна во секое расцепување или спојување“ (Ibid.,).

5. *Потполно нови партии* – и оваа категорија е многу комплексна. Но, начелно се вели дека една партија е целосно нова доколку не настанала со директно спојување или цепење. Нивниот скор на изборите ($t_1$) е целосно нова вредност во светло на вредноста 0 од претходните избори ($t_0$). Тука, важно е да се нагласи дека нова партија не може да биде директен наследник на некоја претходна парламентарна партија, или партија која има ново име и структура, но нема проминентни фигури од новиот демократски период во своето раководство (Sikk, 2005);

6. *Исчезнување на партиите* – тоа се безрезултативни партии, кои не зеле учество на изборите. Овие партии ниту се споиле, ниту коалирале со други субјекти, т.е. се сметаат за мртви, исчезнати, односно егзитирале од партискиот систем. Но, нивниот скор се пресметува во однос на претходните избори каде имале резултат, со новите на кој не учествувале, а разликата е важна бидејќи тие гласови сепак отишле кај некоја друга партија.

7. *Бојкот* – станува збор за феномен кој не е непознат во изборната практика во редица земји, вклучително и во Р Македонија (пр. на вториот круг на вторите избори по независноста во 1994). Партиите кои не излегле на избори, но во кампањата повикале на бојкот, по правило не се земаат во пресметувањето на колебливоста на гласовите, бидејќи тука и не може да стане збор за исчезнати партии, од проста причина што тоа се активни партии чии гласачи едноставно не излегле на избори. Но, ние не може со сигурност да тврдиме дали сите гласачи на таа партија се одѕвале на повикот за бојкот, или еден дел од нивните потенцијални гласачи гласот сепак го дале за некоја друга партија. Во случаи кога партиите се враќаат на изборите ($t_2$), ја пресметуваме нивната вредност (процент) како вкупна нова вредност во однос на изборниот резултат ($t_1$), каде што нивната вредност е нула (Kovačević, 2020: 799).

„Спојувањата и расколите (шизмите) на (во) партиите и формирањето и распуштањето на изборните коалиции ја менуваат структурата на партискиот систем. Овие промени треба да се одразат, но не и да се пренагласуваат кога ја следиме изборната колебливост и екстра-системската колебливост“ (Mainwaring at al., 2017: 1).

---

[5] Претходно се применуваше „модел каде резултатот на коалицијата се споредуваше со најголемата партија од коалицијата (пред и после), но во овој модел коалицијата се споредува со резултатот на сите партии од коалицијата за која може да се изрази резултат“ (Kovačević, 2020: 798).

## 4. Македонската изборна колебливост во изминатите три децении политички плурализам

Во прилог е прикажан табеларен приказ на изборната колебливост во Р. С Македонија, во изминатите три децении на политички плурализам. Податоците се преземени од базата креирана од погоре цитираниот автор Фернандо Касал Бертоа, а пресметката е направена врз индексот на Педерсен (1979).

**Табела 1. Изборна колебливост во Р. С Македонија, Casal Bértoa, F. (2024): Database on WHO GOVERNS in Europe and beyond, PSGo. Available at: whogoverns.eu**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1990** | | **2008** | 10,3 |
| **1994** | 35,6 | **2011** | 14,2 |
| **1998** | 34,6 | **2014** | 10 |
| **2002** | 23,3 | **2016** | 16,5 |
| **2006** | 20,4 | **2020** | 15,5 |

Тоа што во табелата не е даден податок за 1990, кога практично се одржаа првите повеќепартиски избори во тогаш се уште СР Македонија, не треба да доведе до забуна, бидејќи „колебливост се пресметува само од вторите избори па натаму“ (Gherghina, 2012: 12). Треба да се нагласи дека во ерата на македонскиот политички плурализам, не се применуваше еден, туку три изборни модела. На првите и вторите избори постоеше двокружен изборен модел (мнозински) организиран во вкупно 120 едномандатни изборни окрузи. Во пресрет на третите демократски избори од 1998 г., законодавецот се одлучи за мешовит изборен модел во кој продолжи да преовладува мнозинската изборна компонента со 85 едномандатни изборни окрузи, додека за преостанатите 35 места во Собранието беше предвидена национална пропорционална листа, со изборен праг од 5%, и Донтова формула за распределба на мандатите. Во следните две децении сите преостанати изборни циклуси се одржуваа според пропорционален изборен модел организиран во шест изборни региона, во кои се "разигруваат" по дваесет мандати, т.е. вкупно 120, редистрибуирани според Донтовата секвенца на делители, без формален, но сепак со ефективен изборен праг од 5%[6] односно, 3,6% според формулата на Липхарт.[7] Во науката за изборите и изборните системи постои начелен консензус дека „компонентите на изборниот систем се чини дека прават разлика во однос на нивото на колебливост на партискиот систем. Општо земено, врската помеѓу стабилноста на институционалните правила и онаа на изборниот избор е неизвесна“ (Bielasiak, 2002 цитирано кај Ibid., 24).

Од погоре посочените податоци, повеќе од евидентно е дека првата деценија од македонската независност беше одбележана со исклучително висока колебливост **35,6** (1994) и **34,6** (1998). Овие индексни вредности само ја потврдија добро воспоставената теза во политиколошката наука за изборната нестабилност која често се смета за карактеристика на раните години на демократските режими (Kitschelt et al., 1999). Македонскиот партиски систем од 90-те е учебникарски пример и за она што го покажаа истражувањата на Тавитс (2005). Според него, во годините кога еден политички систем минува низ фазата на политичка транзиција и демократизација, за очекување е изборната колебливост да биде повисока. Стабилизацијата, по правило, може да се случи по цела една деценија, кога системот ќе постигне посолидни демократски перформанси – констатација што за Македонија беше повеќе од точна.

Другата причина за високата изборна колебливост во првата декада од посткомунистичкиот и поставторитарниот период е бројот на партиите. Во низа студии

[6] Се пресметува кога со 100 се дели бројот на мандати кои се разигрува по изборна единица (20), односно 100/20=5

[7] Формулата на Липхарт гласи: *eff thresh* = 75% /(m+1) каде m е големината на изборната единица. Изборниот праг не може да ја објасни варијацијата на изборната колебливоста кога прагот останува константен. Оттука, се чини дека изборниот праг нема влијание врз нивоата на изборна колебливост, бидејќи не постои видлива емпириска шема во нивната врска (види Gherghina, 2012: 26).

(Coppedge 1998; Mainwaring 1998a; 1998b; Bielasiak 2002), е покажано и докажано дека нивниот број игра улога во детерминирањето на колебливоста на партискиот систем. Република Македонија во 90-те е повторно солиден пример кој ја поткрепува оваа теза. На изборите во 1990 се појавија 18 политички партии од кои само 7 станаа легислативни, додека на изборите 1994 од 37 политички партии кои истакнаа свои кандидати, 9 влегоа во Собранието. Во 1998 година соодносот помеѓу елективни *vs*. легислативни партии беше 29, наспрема 8 (Јовеска, 1999: 214, 223, 254). „Кога гласачите имаат многу достапни алтернативи меѓу партиите кои учествуваат на изборите, постои општа тенденција кон високи стапки на изборна колебливост" (Gherghina, 2012: 29), односно „колебливоста расте заедно со зголемувањето на бројот на политички партии кои учествуваат на изборите" (Lane, 2015: 18). Бартолини и Маир (1990, 136-138) сметаат дека односот помеѓу овие две категории е правопропорционален – поголем број на партии кои учествуваат на изборите, по дефиниција продуцира поголема колебливост, односно поголема изборна колебливост имаме онаму каде гласачите имаат поголем избор. Но, истите автори прават една дополнителна забелешка: промената во бројот на партиите може да претставува ефект продуциран од самата колебливост, а не нужно причина за нејзината појава (Ibid., 131). Поаѓајќи од теоријата на Диверже (1959) за "психолошките" и "механичките" ефекти на изборните системи, во контекст на корелацијата поголем број на партии – поголема колебливост, постојат два "механички" ефекта кои не треба да се потценат. *Прво*, одлуката за кого гласачите ќе го дадат својот глас најчесто е случајна. Оттука, појавата на поголем број конкуренти ја мултиплицира случајноста, со што колебливоста се зголемува (Neff Powell & Tucker 2008, 12-13). За разлика од оваа правопропорционална закономерност, постои обратна пропорционалност кај *вториот* механички ефект. Станува збор за зголемувањето на бројот на партиите, кои може да го намали растојанието помеѓу политичките конкуренти. Тоа ќе резултира со гласачи на кои им се понудени повеќе опции, блиски до нивните политички стојалишта, кон кои полесно може да ги пренасочат своите гласови. Консеквентно на ова колебливоста може да порасне (Madrid, 2005: 2).

Кога се фокусираме кон другите компоненти на изборниот систем, каква што е на пример изборната формула, компаративните истражувања покажуваат дека таа само индиректно може да влијае на изборната колебливост. Појдовната теза која постои во науката за изборите и изборните системи е дека мнозинските формули имаат поголема веројатност да произведат поголема партиска колебливост, од формулите на пропорционална застапеност. Повторно, тридецениското македонско искуство повеќе од евидентно ја потврдува оваа теза. Од воведувањето на пропорцијата во 2002, па на сите седум изборни циклуси во наредните две децении, просечната колебливост во партискиот систем е **15,7** што укажува на умерено висока колебливост, споредно со повисоките вредности од **35,6** во 1994 и **34,6** во 1998. Дополнително, треба да се истакне дека во 1998 беше воведена пропорционална компонента, но изборната колебливост не се намали драматично во споредба со претходниот циклус од 1994, бидејќи во тогашната македонска верзија на мешовит (паралелен) изборен модел продолжи да превалира мнозинската димензија. Намалувањето на изборната колебливост во македонскиот изборен систем по 2002 се објаснува токму со фактот што пропорционалниот модел по дефиниција се обидува да обезбеди повисока пропорционалност при трансформацијата на гласовите во пратенички места, бидејќи им овозможува на гласачите да ги задржат партиските преференции. Мнозинските системи, пак од друга страна, бара од гласачите да применуваат стратешко однесување, бидејќи треба да избегнат "расипување" или "залудно трошење" на нивните гласови. Како резултат на тоа, поединците ја заменуваат својата преференца, стравувајќи од потенцијално губење на гласот, со давање на предност за најприфатливата алтернатива, што пак од друга страна, ќе произведе поголем степен на промена на гласовите (Gherghina, 2012: 26).

Една од причините поради која дојде до намалување на колебливоста и стабилизација на македонскиот политички систем, по воведување на пропорционалниот модел, е и напоредното зајакнување на консоцијативните елементи во него, по потпишувањето и имплементирањето на Охридскиот рамковен договор во македонскиот уставен поредок од 2001. Независно од фактот што во ОРД никаде не беше предвидена промена на изборниот модел, сепак, воведувањето на пропорционалниот изборен систем, отсекогаш во политиколошката наука се заговарало како адекватен институционален дизајн за длабоко поделените и постконфликтни општества. Автори

како Капициќ и Комар (2021: 1-2) правилно ќе нотираат дека: „Наместо отворен партиски натпревар, етнички поделените општества често прикажуваат сегментирани партиски системи каде конкуренцијата е ограничена во етнички дефинираните партиски блокови. (...) Ние тврдиме дека стабилноста на етничките расцепи и истакнувањето на идентитетот влијае на стабилноста на партиската конкуренција...“

Со други зборови кажано добро организираниот социетален расцеп го затвора изборниот пазар и ги стабилизира преференците на електоратот со што изборната колебливост опаѓа (Bartolini & Mair 1990). Оттука, етнички заснованите партии „со нивната јасно насочена привлечност и фокус на претставувањето, доста добро го стабилизираат своето гласачко тело“ (Gherghina, 2012: 81), што дава придонес кон помала колебливост во рамките на вкупниот партиски систем. Оваа тенденција ќе ја илустрираме со следниве податоци за партиската колебливост помеѓу трите предоминантни партии во македонскиот партиски систем.

**Табела 2. Партиската колебливост на трите доминантни македонски партии по сите осум досега одржани изборни циклуса според пропорционалниот модел**

| | ВМРО ДПМНЕ | | СДСМ | | ДУИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Изборен циклус** | % освоени гласови | Volatility | % освоени гласови | Volatility | % освоени гласови | Volatility |
| **2002** | 25,02 | | 41,58 | | 12,18 | |
| **2006** | 32,50 | 7,48 | 23,31 | 18,27 | 12,12 | 0,06 |
| **2008** | 48,78 | 16,28 | 23,64 | 0,33 | 12,82 | 0,7 |
| **2011** | 38,98 | 9,8 | 32,78 | 9,47 | 10,24 | 2,58 |
| **2014** | 42,97 | 3,99 | 25,34 | 7,44 | 13,71 | 3,47 |
| **2016** | 39,39 | 3,58 | 37,87 | 12,53 | 7,52 | 6,19 |
| **2020** | 34,57 | 4,82 | 35,89 | 1,98 | 11,48 | 3,96 |
| **2024** | 44,51 | 9,94 | 15,79 | 20,1 | 14,04 | 2,56 |
| **просек:** | | **7,9** | | **10** | | **2,8** |

Фокусот е ставен на овие три партии, бидејќи ако се повикаме на Лаксо Тагепера (1979) индексот на ефективен број на парламентарни партии[8] за изминативе 8 изборни циклуса според пропорцијата, кој изнесува **3,2**, нашиот партиски систем е типичен пример за двоиполпартиски систем.[9] Во него доминантната улога ја играа коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, а улогата на половина партија и припаѓаше токму на албанската ДУИ. Од Табелата 2 може да се заклучи дека партијата ДУИ има најмала колебливост помеѓу својот електорат од изборен до изборен циклус. Тоа се должи на фактот што оваа партија мошне уверено во изминатите две децении го експлоатираше етно-религиозниот расцеп, кој практично беше

[8] Математичката формула за пресметување на ефективниот број на партии (*effective number of parties*) ENP/ЕБП е следна: $ENEP=1/\Sigma vi^2$ (*за елективните*) и $ENPP=1/\Sigma si^2$ (*за парламентарните*) каде vi/si го означува соодносот на гласови/места на секоја партија.

[9] Според Блондел (1968) партискиот систем на една земја е двоиполпартиски кога индексот за ЕБПП е помеѓу 2,6-3,5.

поддржан од силната институционализација на етничката припадност во македонскиот полички систем, преку неговите изборни институции и неговиот карактер како еден своевиден хибрид од парламентарна демократија помешана со определени консоцијативни елементи. Од друга страна може да се нотира дека помеѓу двете доминантни македонски партии, изборната колебливост е нешто помала кај гласачите на ВМРО ДПМНЕ, одошто кај СДСМ, што во општо не е за изненадување бидејќи и помеѓу македонската експертска јавност доминира еден начелен став дека гласачкото тело на ВМРО ДПМНЕ е подисциплинирано, т.е. помалку колебливо.

### 4.1. Изборната колебливост на последните парламентарни избори во Македонија (2024)

Во продолжение следува табеларен приказ за пресметката на изборната колебливост на овие избори според индексот на Педерсен.

**Табела 3. Колебливоста на последните парламентарни избори од 2024 според индексот на Педерсен**

| **Изборни листи на изборите 2020** | **% освоени гласови** | **Изборни листи на изборите 2024** | **% освоени гласови** | |
|---|---|---|---|---|
| Коалиција „Можеме“ (**СДСМ**, Беса и останати) | **35.89** | Коалиција „За европска иднина“ (**СДСМ**, ЛДП, ДОМ, ВМРО-НП, НСДП и останати) | **15.79** | **4.35**<br>**20.1]** |
| Коалиција „Обнова на Македонија“ (**ВМРО-ДПМНЕ** и останати) | **34.57** | Коалиција „Твоја Македонија“ (**ВМРО-ДПМНЕ**, СПМ и останати) | **44.51** | **.35** |
| **ДУИ** | **11.48** | Коалиција „Европски Фронт“ (**ДУИ**, *дел од* **Алијанса за Албанците**, **ДПА**, ДПТ и останати) | **14.04** | **.21** |
| **Алијанса за Албанците — Алтернатива** | **8.95** | Коалиција „Вреди“ (Беса, *дел од* **Алијанса за Албанците, Алтернатива** и Демократско Движење) | **10.93** | **.98** |
| **Левица** | **4.10** | **Левица** | **7.01** | **.91** |
| | | Движење ЗНАМ - За наша Македонија | **5.75** | **5.75]** |
| | | Нова Алтернатива | **0.36** | **.36** |
| **ДПА** | **1.35** | | | |
| **Интегра** | **1.53** | Коалиција „Храбро за Македонија“ (ГРОМ, **Интегра** и ПЦЕР) | **0.46** | **.07** |
| | | Аваја | **0.36** | **.36** |
| ГДУ | **0.39** | | | **.39** |
| МОРО-Работничка партија | **0.36** | Работничка партија | **0.05** | **.31** |
| Глас за Македонија | **0.31** | | | |
| Единствена Македонија | **0.29** | Единствена Македонија | **0.17** | **.12** |
| СДУ (Македонски Концепт) | **0.28** | | | **.28** |
| Твоја | **0.21** | Твоја | **0.18** | **.03** |
| Демократи | **0.17** | Демократи | **0.09** | **.08** |
| НПР | **0.13** | | | **.13** |
| | | Родина | **0.11** | **.11** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Десна | **0.05** | **.05** |
| | | Европско граѓанско движење | **0.02** | **.02** |

Овие избори на еден своевиден начин може да ни послужат како пример за тоа како се врши пресметка според индексот на Педерсен и какви предизвици може да возникнат при неговото пресметување. На пример, пресметката за разликата на уделот на гласови кај партиите кои зеле учество на двата циклуса е лесна – се одзема нивниот резултат од двете учества и истиот се претвора во апсолутни бројки (Левица, Твоја, Демократи, Работничка партија, Единствена Македонија). Лесна е пресметката и кај ВМРО-ДПМНЕ чиј резултат од 2024 се одзема со збирот на резултатите на нејзината Коалиција од 2020 со онаа на Глас за Македонија и Македонски концепт (кои и се придружија во Коалицијата од 2024). Партијата Интегра настапи самостојно во 2020, но во 2024 коалиционо со ГРОМ и ПЦЕР, па нејзиниот резултат се разгледува во контекст на оваа коалиција, независно од фактот што само на партијата ГРОМ досега и успевало со самостоен настап да освои мандат на едни избори (последно пред десет години во 2014). Партиите кои не зедоа учество на изборите во 2024 (ГДУ, НПР) исто влегуваат во вкупниот резултат при пресметката за 2024, бидејќи како што видовме погоре, тие гласови сепак некаде отишле, независно колку се минорни како проценти.

Најголем предизвик при пресметката на Педерсеновиот индекс за овие избори претставуваат двете албански коалиции, но и дилемата за тоа како треба да се разгледа односот помеѓу Коалицијата на СДСМ со онаа на движењето ЗНАМ. По голема контроверза предизвикува кодирањето на резултатот меѓу двете албански коалиции, бидејќи сите партии кои беа подносители на листи на изборите 2020 се соочија со внатрешен расцеп. Од партијата ДУИ се изроди Демократското движење на Изет Меџити. Коалицијата Алијанса за Албанците (АА) – Алтернатива по изборите 2020 освои 12 пратеници поделени во сооднос 8 АА, 4 Алтернатива. Токму од Алтернатива се отцепи пратеникот Скендер Реџепи Зејд кој формираше свое Народно движење, кое се приклучи на Коалицијата возглавена од ДУИ. Но, најдраматичен беше расколот во Алијансата за Албанците која се подели на две програмски и организациони крила предводени од тогашниот актуелен претседател Арбен Таравари и поранешниот Зијадин Села. Во вакви ситуации според Мејнворинг и др. (2017: 1), треба да се следи следнава логика: „Кога партијата се дели на две или повеќе партии од еден избор ($t_1$) до друг ($t_2$), ние ја сметаме партијата што го задржала оригиналното име како продолжение на првобитната партија".

Но, дали ситуацијата со АА целосно се вклопува во оваа претпоставка? Одговорот е категорично не. Формално, со судска пресуда на Основниот суд во Тетово, по низа перипетии со промена на тамошните судечки совети, и го додели партискиот печат и брендот АА на крилото на Зијаден Села. Но, одлуката на првостепениот суд беше обжалена, а второстепената инстанца не се произнесе до одржувањето на изборите.[10] Потоа се направи и еден џентлменски договор – блокот на Села ги задржа партиските возила и средствата на сметката, како и штабот во Скопје, додека седиштето во Тетово му припадна на Таравари. Целата констелација всушност остана да биде „поделена партија без јасен наследник" (Gherghina, 2012: 70).

Оттука, при кодирањето на резултатот на албанските коалиции во 2024 споредено со 2020 ја следиме логиката на погоре цитираниот Мејнворинг и др. (2017: 1), кои велат дека „кога две или повеќе партии, од која барем една од нив претходно учествувала, или учествувала во коалиција, ние го споредуваме процентот на коалицијата на изборите $t_1$ со процентот на $t_0$ на најголемата партија која е носител на коалицијата на $t_1$". Па затоа, резултатот на Коалицијата „Европски Фронт" предводена од ДУИ се разгледува во контекст на процентуалниот збир на ДУИ и ДПА (која се приклони кон овој Фронт во 2024) од 2020. Во оваа пресметка делот на АА на Таравари и Алтернатива е кодиран како стожер на Коалицијата VLEN (ВРЕДИ), кон која се придружи и партијата БЕСА, покреј отцепниците од ДУИ на Меџити. Треба да се нагласи дека

[10] По одржувањето на изборите Апелациониот суд во Гостивар го врати предметот на повторно разгледување на Основниот суд во Тетово, кој ја донесе истата одлука, на која Таравари повторно се жалеше, со што продолжи "судскиот пинг-понг" помеѓу двете крила.

партијата БЕСА на изборите во 2020 беше во Коалицијата на СДСМ, а имаше самостоен настап во 2016. Здружувањето на БЕСА со Алтернатива во Коалицијата ВРЕДИ е значајно, бидејќи токму Алтернатива се отцепи од БЕСА[11] и настапи коалиционо со АА во 2020. Затоа резултатот на Коалицијата ВРЕДИ го вреднуваме во контекст на оној на АА-Алтернатива од 2020. И овде, пак се повикуваме на Мејнворинг и др. (2017: 2), според кои, кога коалицијата има најмалку еден заеднички член од изборите $t_0$ на изборите $t_1$, тогаш ја третираме коалицијата на $t_1$, како континуитет на коалицијата од $t_0$. Тука, всушност заеднички се 1½ член од претходната коалиција, кои се носители на континуитетот – делот на АА на Таравари и Алтернатива.

Што се однесува до односот на СДСМ и ЗНАМ, номинално движењето ЗНАМ може да се третира како новопојавена политичка опција, но е повеќе од евидентно дека станува збор за формација која настана со цепење од СДСМ. Токму од ова зависи дали вкупниот индекс во погорната табеларна пресметка за колебливоста на овие избори ќе биде **16,5** (што е истоветен со оној од 2016) или **22,3**. Во првиот случај каде ЗНАМ ја кодираме како отцепена, а не целосно нова партија, нејзиниот процентуален скор го собираме со оној на СДСМ и го одземаме со резултатот на СДСМ од 2020 (добиваме 14,35 разлика), бидејќи е повеќе од евидентно дека огромен дел од гласачите на СДСМ на овие избори отишле на контото на ЗНАМ. Но, ако ја дефинираме ЗНАМ како целосно нова појава на политичката сцена тогаш вкупната колебливост ќе биде **22,3** бидејќи сега во разликата помеѓу резултатот на Коалицијата СДСМ меѓу двата избори (20,1), не го сметаме резултатот на ЗНАМ од 5,75, кој пак во целост, како новоформирано движење, го антиципираме во вкупниот збир. Но, некои автори (Mainwaring at al., 2017: 1) при калкулирањето на овој индекс, во вакви ситуации, продолжуваат само најголемата партија да ја сметаат како носител во пресметката по поделбата (во овој случај СДСМ), а помалата отцепена структура (овде ЗНАМ) како да не постоела на изборите $t_0$. Ако го прифатиме овој пристап колебливоста повторно ќе биде **22,3**. Зошто овде цениме дека индексот на колебливост од **22,3** на последните избори подобро ја портретира целокупната слика на македонската политичка сцена во 2024 од вредноста **16,5** (кој исто така е коректна поради правилата кои треба да се користат при кодирањето на резултатите). Во науката за изборните системи постои теза дека секогаш кога доаѓа до промена на политичкиот режим кој е на власт може да се очекува пораст на колебливоста. Во последните две декади ова за Македонија е повеќе од точно. На пример, од изборите во 2008 (**10,3**) преку изборите 2011 (**14,2**) па се до 2014 (**10**) кога беше достигната најниската изборна колебливост во историјата на повеќепартизмот во Македонија, стабилноста се должеше на фактот што кај компетитивните авторитарни режими (како што несомнено тогаш беше квалификувана власта на коалициониот тандем ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ) имаме способност од позиција на владејачки партии да управуваат со партискиот систем преку изборите како клуч на издржливост на овие режими (Wooseok at al, 2022: 9). Но, на изборите 2016, кога колебливост се покачи за цели 6,2 (**16,5**) се потврди тезата дека кога доаѓа до промена на власта (која всушност се случи по изборите 2016) може да се појави поголема изборна колебливост (види: Shair-Rosenfield, 2008: 34). Истото се случи и на изборите 2024, кога по два поседователни мандати на коалицијата СДСМ и ДУИ дојде до драматична промена на целокупната политичка сцена, преку испраќањето на партијата ДУИ во опозиција, по цели две децении континуирано практикување на власта, но, и драматично највисоката изборна колебливост која се појави кај електоратот на СДСМ (види Табела 2). Бидејќи се одигра драматична промена на ниво на целокупната власт и распоредот на политичките сили во претставничкото тело, сметаме дека индексната вредност од **22,3** колебливост (каде ЗНАМ е кодирана како што е наведено претходно), многу подобро ја отсликува ваквата тектонска промена, отколку индексната вредност **16,5** која е истоветна со онаа од (2016) и безмалку слична со онаа од изборите 2020 (15,5), и која практично не ни укажува дека се случил еден сеопфатен пресврт во вкупноста на македонската партиска и политичка сцена.

**Заклучок**

[11] Но, и од БЕСА се отцепи партијата на Аријанит Хоџа, Европска демократска партија, која заедно со ДПА, партијата на Скендер Реџепи Зејд, крилото на АА на Села и уште неколку ромски, бошњачки и турски партии се слеаја во Европскиот Фронт чиј фронтмен беше ДУИ.

Од овде поднесената анализа за изборната колебливост во македонскиот партиски систем, во изминатите повеќе од три децении политички плурализам, може да заклучиме дека добар дел од тезите кои постојат во науката за изборите и изборните системи во поглед на оваа материја, македонското искуство во голем степен ги потврдува:

1. Во раните 90-те кога македонскиот политички систем ги правеше првите чекори кон политичката транзиција и демократизација, логично беше, и за очекување, таквите движења да бидат проследени со повисока изборна колебливост во рамките на партискиот систем;
2. Како и во добар дел од другите држави во транзиција, стабилизацијата на индексните вредности за изборната колебливост во Македонија се случија по цела една деценија, кога и македонскиот систем започна да постигнува посолидни демократски перформанси;
3. Со самиот факт што македонскиот изборен систем го изврви патот од мнозински, преку паралелен, до "чист" пропорционален модел, ни овозможува и емпириски да докажеме, токму на македонскиот пример, дека мнозинските формули произведуваат поголема партиска колебливост, од формулите на пропорционална застапеност;
4. Во консоцијативните демократии, каква што несомнено е македонската по Охридскиот рамковен договор од 2001, се потврдува и тезата дека за етнички поделените општества се својствени сегментираните партиски системи, каде конкуренцијата е ограничена во етнички дефинираните партиски блокови, и во кои силно е институционализрана етничката припадност, со што се создава кумулативна претпоставка за стабилизирање на преференците на електоратот, па оттука не е изненадувачки што изборната колебливост опаѓа;
5. Во изминатите триесет и пет години политички плурализам, Македонија искуси и период (2008-2016) во кој беше раководена од компетитивен авторитарен режим. Таквите режими по правило покажуваат дека може да управуваат со партискиот систем преку изборите како клуч на нивната издржливост. Тогаш за очекување е да се постигне стабилност на партискиот систем, благодарение на пониската колебливост. За ова посведочуваат пониските македонски индексни вредности за колебливоста по изборните циклуси од тој период: 2008, 2011 и 2014;
6. Изборната колебливост, и на примерот на Р. С Македонија, е потврдено дека по правило се зголемува, кога доаѓа до промена на владејачката гарнитура. Таква разврска на македонската политичка сцена имавме по изборите во 2016 и 2024.

Пониските вредности на изборна колебливост е важно и понатаму да биде одржувани во секој еден партиски систем, бидејќи од нив зависи неговата стабилност. Стабилниот партиски систем е симптом дека една демократија матурирала (созреала). Обратно, нестабилноста на партискиот систем, кој е важен потсистем на политичкиот систем, може да го поткопа спроведувањето на краткотрајни објективни центрипетални политики, може да подотвори врата за неконвенционални кандидати и политички проекти, да го изложи системот на национална безбедност на малигни влијанија, но и на внатрешни и надворешни влијанија, кои би ги заслабнале основните демократски институции и постулати (Sarkar & Dash, 2023: 120).

## БИБЛИОГРАФИЈА:

Bartolini, S., & Mair, P. (1990). *Identity, Competition, and Electoral Availability: The Stabilisation of European Electorates 1885–1985*. Cambridge: Cambridge University Press.

Bielasiak, J. (2002). The Institutionalization of Electoral and Party Systems in Postcommunist States. *Comparative Politics 34*(2), 189–210.

Blondel, J. (1968). Party Systems and Patterns of Government in Western Democracies. *Canadian Journal of Political Science 1*, no. 2 (June), 180 –203.

Casal Bértoa, F. (2014). Party Systems and Cleavage Structures Revisited: A Sociological Explanation of Party System Institutionalization in East Central Europe. *Party Politics 20*(1), 16–36.

Casal Bértoa, F. (2024). *Database on WHO GOVERNS in Europe and beyond*, PSGo. Available at: whogoverns.eu

Casal Bértoa, F., Deegan-Krause, K., & Haughton, T. (2017). The Volatility of Volatility: Measuring Change in Party Vote Shares. *Electoral Studies 50*, 142–156.

Chiaramonte, A., & Emanuele, V. (2015). Party System Volatility, Regeneration and De-Institutionalization in Western Europe (1945–2015). *Party Politics*, 1–13.

Coppedge, M. (1998). The Dynamic Diversity of Latin American Party Systems. *Party Politics 4*(4), 547–568.

Crewe, I. (1985). Introduction: Electoral Change in Western Democracies: A Framework for Analysis. In I. Crewe, & D. Denver (Eds.), *Electoral Change in Western Democracies: Patterns and Sources of Electoral Volatility* (pp. 1–22). Kent: Croom Helm Ltd.

Dalton, R. (1984). Cognitive Mobilization in Advanced Industrial Democracies. *Journal of Politics 46*, 264–284.

Dalton, R., & Wattenberg, M. (2000). *Parties without Partisans: Political Change in Advanced Industrial Democracies*. New York: Oxford University Press.

Drummond, A. (2002). *Electoral Volatility and Party Decline in Western Democracies: 1970-1995*. CSD Center for the Study of Democracy an Organized Research Unit, University of California, Irvine www.democ.uci.edu

Duverger, M. (1954). *Political Parties: Their Organization and Activity in the Modern State*. London: Lowe and Brydone.

Garcia Martinez, F. J. (2018). Missing Stability: The effect of volatility in the Kosovar party system. *Policy Analysis*. Group for Legal and Political Studies, Priština, Kosovo.

Gherghina, S. M. (2012). *Explaining Electoral Volatility in Central and Eastern Europe: A Party Organizational Approach.* Doctoral Thesis. Department Political Science, Faculty of Social and Behavioural Sciences, Leiden University.

Ibenskas, R., & Sikk, A. (2016). Patterns of Party Change in Central and Eastern Europe, 1990–2015. *Party Politics 23*(1).

Kapidžić. D., & Komar, O. (2021). Segmental Volatility in Ethnically Divided Societies: (Re)assessing Party System Stability in Southeast Europe. *Nationalities Papers*, 1–19.

Kitschelt, H., Mansfeldova, Z., Markowski, R., & Toka. T (1999). *Post-Communist Party Systems: Competition, Representation, and Inter-Party Cooperation*. Cambridge University Press.

Kovačević, D. (2020). Stabilnost partijskog sistema Srbije - izborna volatilnost u 30 godina višepartizma. In book: *Kako, koga i zašto smo birali? Izbori u Srbiji 1990-2020. godine* (pp.793-813). Beograd, Publisher: Službeni glasnik, Institut za političke studije.

Laakso, M. & Taagepera, R. (1979). "Effective" Number of Parties: A Measure with Application to West Europe. *Comparative Political Studies*. *12* (1), 3–27.

Lachat, R. (2007). *A Heterogeneous Electorate: Political Sophistication, Predisposition Strength, and the Voting Decision Process*. Baden-Baden: Nomos Verlag.

Lane, J-E. (2015). Volatility and Western European Party Systems: Two New Approaches. *Baltic Journal of Political Science*, No 4, 7-22.

Lipset, S. M. & Rokkan, S. (1967). Cleavage Structures, Party Systems, and Voter Alignments: An Introduction. In S. M. Lipset, & S. Rokkan (Eds.), *Party Systems and Voter Alignments: Cross-National Prespectives* (pp. 1-64). New York: The Free Press.

Јовеска, А. (1999). *Изборните концепти во теориите на демократијата*. Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

Madrid, R. (2005). Ethnic Cleavages and Electoral Volatility in Latin America. *Comparative Politics 38*(1), 1-20.

Mainwaring, S., & Scully, T. (Eds.), (1995). *Building Democratic Institutions: Party Systems in Latin America*. Stanford, CA: Stanford University Press.

Mainwaring, S. (1998a). Electoral Volatility in Brazil. *Party Politics 4*(4), 523– 545.

Mainwaring, S. (1998b). Rethinking Party Systems Theory in the Third Wave
of Democratization: The Importance of Party System Institutionalization. *Working Paper #260*, the Helen Kellogg Institute for International Studies, University of Notre Dame.

Mainwaring, S., & Torcal, M. (2005). Party System Institutionalization and Party System Theory after the Third Wave of Democratization. In: R. Katz, & W. Crotty (Eds.), *Handbook of Party* Politics (pp. 204-27). London: Sage,

Mainwaring, S., & Zoco, E. (2007). Political Sequences and the Stabilization of Interparty Competition: Electoral Volatility in Old and New Democracies. *Party Politics 13*(2).

Mainwaring, S., Gervasoni, C., & España-Najera, A. (2017). Extra- and Within-System Electoral Volatility. *Party Politics*, Vol. 23(6), 623–635.

Mair, P. (1997). *Party System Change. Approaches and Interpretations*. Oxford: Clarendon Press.

Markowski, R. (2000). Party System Institutionalization in New Democracies: Poland – a Trend-Setter with No Followers. *Conference Re-thinking Democracy in the New Millennium*. Houston: University of Houston.

Morgenstern, S., & Potthoff, R. F. (2005). The Components of Elections: District Heterogeneity, District-Time Effects, and Volatility. *Electoral Studies 24*, 17–40.

Morlino, R. (1995). Political Parties and Democratic Consolidation in Southern Europe. In: R. Gunther, P. N. Diamandouros, & H. J. Puhle (Eds.). *The Politics of Democratic Consolidation: Southern Europe in Comparative Perspective* (pp. 315–388). Baltimore: Johns Hopkins University Press.

Neff Powell, E., & Tucker, J. (2008). New Approaches to Electoral Volatility: Evidence from Postcommunist Countries. *Paper prepared for presentation at the Annual Meeting of the Midwest Political Science Association*, Chicago, IL, April 3-6.

Olivares Concha, E. (2014). Institutionalization of Party Systems: A Cross-Regional Approach Using the Weighted Volatility Index. *Conference Paper*, prepared for the Political Studies Association 64th Annual International Conference Manchester, April 14-16.

Orlović, S. (2011). Partijski sistem Srbije. U: S. Orlović (ur.). (2011). *Partije i izbori – 20 godina* (str. 11–71). Beograd: Fondacija Fridrih Ebert Stiftung, Fakultet političkih nauka – Centar za demokratiju.

Pedersen, M. N. (1979). The Dynamics of European Party Systems: Changing Patterns of Electoral Volatility. *European Journal of Political Research, 7*, 1-26.

Rattinger, H. (1997). Nomination: To Swing or Not to Swing. *European Journal of Political Research, 31*(1), 87-93.

Sarkar, S., & Dash, B. B. (2023). On The Measurement of Electoral Volatility. Mathematical Social Sciences. *Elsevier*, vol. 126 (C), 119-128.

Shair-Rosenfield, S. (2008). *Assessing the Causes and Effects of Electoral Volatility: Party System Fragmentation, Time, and Executive Turnover*. A thesis submitted to the faculty of the University of North Carolina at Chapel Hill in partial fulfillment of the requirements of the degree of Master of Arts in the Department of Political Science.

Sikk, A. (2005). How Unstable? Volatility and the Genuinely New Parties in Eastern Europe. *European Journal of Political Research, 44*(1), 391-412.

Sikk, A. & Köker, Ph., (2017). Party Novelty and Congruence: A New Approach to Measuring Party Change and Volatility. *Sage Journal*, Volume 25, Issue 6.

Svante, E. (2012). Electoral Volatility in Europe: Assessments and Potential Explanations for Estimate Differences. Paper to be presented to the 2012 *Elections, Public Opinion and Parties (EPOP) Conference*, September 7–9. Oxford: Oxford University.

Tavits, M. (2005). The Development of Stable Party Support: Electoral Dynamics in Post-Communist Europe. *American Journal of Political Science 49*(2), 283-298.

Tóka, G. (1997). *Political Parties and Democratic Consolidation in East Central Europe*. Glasgow: University of Strathclyde, Studies in Public Policy.

Tomašević, A. & Sokolovska, V. (2019). The Localization of Electoral Volatility: Evidence from Serbia and Croatia. *Sociologija*, Vol. LXI (2019), N° 3

Turska-Kawa A., (2015). *Determinanty chwiejności wyborczej*. Katowice: Wydawnictwo Uniwersytetu Śląskiego.

van der Meer, T. W. G., van Elsas, E., Lubbe, R., & van der Brug, W. (2015). Are Volatile Voters Erratic, Whimsical, or Seriously Picky? A Panel Study of 58 Waves into the Nature of Electoral Volatility (The Netherlands 2006-2010). *Party Politics, 21*(1), 100-114.

Wooseok, K., Bernhard, M., & Hicken, A. (2022). Electoral Volatility and Regime Survival in Competitive Authoritarian Regimes. *Working Paper* Series 129, the Varieties of Democracy Institute.

Вучичевић, Д. (2012). *Улога политичких партија у процесу консолидације демократије у Србији. Политилка ревија 2*, 31-65